ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 81/08 и 20/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА ВЛЕЗ НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ ФИТОСАНИТАРНА ИНСПЕКЦИЈА

## Член 1

За места на влез за вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, при увоз и извоз во прометот преку државната граница се определуваат следните гранични премини:

- За железнички превоз: Железничка станица – Трубарево – Скопје, Табановце – Куманово, Гевгелија – Гевгелија, Меџитлија – Битола;

- За патен превоз: Долно Блаце – Скопје, Табановце – Куманово, Деве Баир – Крива Паланка, Делчево – Делчево, Ново Село – Струмица, Богородица – Гевгелија, Стар Дојран – Дојран, Меџитлија – Битола, Ќафасан – Струга, Блато – Дебар;

- За воздушен превоз: Аеродром Александар Велики – Скопје, Аеродром Охрид – Свети Апостол Павле;

- За поштенски пратки: Пошта – Скопје.

## Член 2

За места на влез за вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, на транзитни пратки преку територијата на Република Македонија се определуваат следните гранични премини:

- За железнички превоз: Железничка станица – Трубарево – Скопје, Табановце – Куманово, Гевгелија – Гевгелија, Меџитлија – Битола,

- За патен превоз: Долно Блаце – Скопје, Табановце – Куманово, Деве Баир – Крива Паланка, Делчево – Делчево, Ново Село – Струмица, Богородица – Гевгелија, Меџитлија – Битола, Ќафасан – Струга.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на гранични премини на кои се врши увоз, извоз и транзит на растенијата, растителните производи и средствата за заштита на растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/00).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-2132/1
20 април 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
д-р Васко Наумовски, с.р.